РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 09-1798/1
18.09 2024 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Архивски знак:
Рок на чување:

ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

П Р А В И Л Н И К
ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Македонска Каменица, 2024 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), Градоначалникот на Општина Македонска Каменица, на ден 18.09.2024 година донесе:

П Р А В И Л Н И К

За систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Македонска Каменица

I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

- Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници, помошно – технички лица и професионални пожарникари) во Општина Македонска Каменица, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единиции посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

- Член 2

Работите и задачите што се вршат во Општина Македонска Каменица се определуваат согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

-

-

- Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Општина Македонска Каменица.

Член 4

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во Општина Македонска Каменицае составен дел на овој Правилник.

Член 5

Во овој Правилник се утврдени и опишани вкупно 50 работни места,од кои 33работни места на административни службеници, 2 работни места на инспектори, 6 работни места на помошно-технички лицаи 9 работни места наовластени службени лица од областа на безбедноста – пожарникари, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на општинската администрација на Општина Македонска Каменица, од кои пополнети се: 26работни места на административни службеници , 4 работни места на помошно-технички лица и 8 работни места на професионални пожарникари, односно вкупно сепополнети 38работни места.

II. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Работните места на административни службеници се распоредени на следниов начин:

Ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места
А04	1	0
Б04	5	2
В01	5	4
В02	1	1
В03	9	8
В04	2	2
Г01	3	2
Г03	7	7
Вкупно	**33**	**26**

Член 6

Општи услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор за административните службеници се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 7

Посебни услови од категоријата А за нивото А4 – Секретар на општината со седиште во град, согласно закон се:

- Стручни квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- работно искуство, и тоа најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

- (2) Потребни општи работни компетенции на напредно ниво:
- учење и развој;
- комуникација;
- остварувањерезултати;
- работењесодруги/тимскаработа;
- стратешкасвест;
- ориентираностконстранките/засегнатистрани;
- раководење; и
- финансискоуправување.

Член 8

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор, за раководните административни службеници од категоријата Б се:

- Стручни квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- работно искуство, и тоа:
  - за ниво Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и тоа:

- (2) Потребни општи работни комепетенции на напредно ниво:
- учење и развој;
- комуникација;
- остварувањерезултати;
- работењесодруги/тимскаработа;
- стратешкасвест;
- ориентираностконстранките/засегнатистрани;
- раководење; и
- финансискоуправување.

Член 9

(1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:

- стручни квалификации и тоа:
  - за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
  - за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото В4 со или без работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

- (2) Потреби општи работни комепетенции на средно ниво:
  - решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
  - учење и развој;
  - комуникација;
  - остварување резултати;
  - работење со други/тимска работа;
  - стратешка свест;
  - ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
  - финансиско управување.

Член 10

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/ друг посебен закон или колективен договор за помошно - стручни административни службеници од категоријата Г се:

- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според

Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката
  - за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката или
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

- (2)Потреби општи работни комепетенции на основно ниво:
  - учење и развој;
  - комуникација;
  - остварување резултати;
  - работење со други/тимска работа;
  - ориентираност кон странките/засегнати страни; и
  - финансиско управување.

III. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ИНСПЕКТОРИТЕ

Член 11

Во овој Правилник се утврдени и опишани вкупно 2 работни места на инспектори, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Општина Македонска Каменица, од кои пополнети се 0.

Член 12

Работните места од членот 11 на овој Правилник се распоредени на следниот начин:

ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места
Б02		
Б03		
В01	1	
В02	1	
В03		
Вкупно	**2**	**0**

Член13

(1) Кандидатот за инспектор од категорија Б, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни услови:

1) стручни квалификации за сите нивоа од категорија Б – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
2) работно искуство и тоа:

- Б1–најмалку шест години работно искуство по дипломирањето,од кои најмалку две години како инспектор,
- Б2–најмалку пет години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку две години како инспектор и
- Б3 и Б4 – најмалку четири години работно искуство по дипломирањето,од кои најмалку една година како инспектор;

3) општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;

4) посебни работни компетенции за сите нивоа: -активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

(2) Кандидатот за инспектор од категорија В, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни услови за:

1) Стручни квалификации и тоа:

- за нивото В1 – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- за нивоата В2, В3 и В4 - ниво на квалификација VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
2) работно искуство и тоа:

- В1–најмалку три години работно искуство по дипломирањето,
- В2–најмалку две години работно искуство по дипломирањето,
- В3–најмалку една година работно искуство по дипломирањето,
- В4– со или без работно искуство по дипломирањето;

3) општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;

4) посебни работни компетенции за сите нивоа: - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски ,активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

IV.РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО – ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

Член 14

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 6 работни места на помошно - техничките лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на општинската администрација на Општина Македонска Каменица од кои пополнети се 4 работни места, а распоредени се на следниов начин:

Ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места
А2	2	1
А3	4	3
Вкупно	6	4

Член 15

Работните места од членот 14 на овој правилник се распоредени на следниот начин:

(превоз на лица и опрема)

- Ниво А2 – (1)

(други помошно – технички лица)

- НивоА2 - (1)
- Ниво А3- (4)

Член 16

Општи услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно – техничките лица се:

- да е државјанин на Република Македонија;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена состојба;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 17

(1) Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно –техничките лица во областа Превоз на лица и опрема - II ниво од категоријата А, ниво А2 за работно место Возач II и Портир се:

- ниво на стручни квалификации:
- IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку средно образование.
- Возачка дозвола за Б-категорија
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија(англиски, француски, германски),
- работно искуство, и тоа:

најмалку 1 година работно искуство во струката

(1) Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно –техничките лица во областа други помошно-технички лица- III ниво од категоријата А, ниво А3 за работните места Курир и Хигеничар/ка се:

- основно образование
- со или без работно искуство во струката

V. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА

Член 18

Во овој Правилник се утврдени и опишани вкупно 9 работни места на овластени службени лица од областа на безбедноста-пожарникари распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на општинската администрација на Општина Македонска Каменица од кои пополнети се 8 работни места, а распоредени се на следниов начин:

Ниво	Систематизираниработни места	Пополнети работни места
А4	1	1
А5	1	
В4	7	7
Вкупно	9	8

Член 19

- Работните места од членот 18 на овој правилник се распоредени на следниот начин:

(професионален пожарникар во ТПП Единица)

- НивоА4- (1)
- Ниво А5 –(1)
- Ниво В4 -(7)

Член 20

Високо раководни пожарникари–спасители од категоријата А треба да ги исполнат следниве услови за работното место:

а) стручни квалификации за сите нивоа-ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

б) работно искуство и тоа:

- за нивоата А1 и А2 најмалку шест години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како работен стаж или- за нивоата А3, А4 и А5 најмалку пет години работно искуство во струката евидентирано во Агенција за вработување на Република Македонија како работен стаж и

в) посебни работни компетенции за сите нивоа, познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа:

- преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европските статорина Б1 (B1) нивотона ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, илиГете сертификат.

Член 21

(2) Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за лица во областа **работник во ПП единица-IVнивоод** категоријатаВ, ниво В4за работно место **Пожарникар спасител** се:

Ниво на стручни квалификации:

- ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и

стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование

Работно искуство, и тоа:

- со или без работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонијакако работен стаж.

IV.ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Секретар на општина	
Реден број	1
Шифра	**УПР 01 01 А04 000**
Ниво	**А4**
Звање	**Секретар на општина со седиште во град**
Назив на работно место	**Секретар на општина**
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Градоначалникот
Вид на образование	**Научно истражувачко подрачје :** Општествени науки **Научно истражувачко поле :** Право
Други посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефикасно и ефективно раководење со вработените во единицата на локалната самоуправа во Општина Македонка Каменица;обединување на работата на институцијата и раководење со сите административни службеници; поддржување на работата на Градоначалникот
Работни задачи и обврски	• го организира, кординира, обединува и насочува извршувањето на работите и задачите во општинската администрација и се грижи за нивното законско, ефикасно, навремено и квалитетно извршување; • ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбата и дава иницијатива и предлози за нивно решавање; • се грижи за остварување на стратешкиот план, програмата за работа и буџетот на општината и врши координирање на подготовката на предлозите за стратешки план, програма за работа, програма за стручно усовршување, извештај за работење; • одржува редовни колегиуми со раководителите на одделенијата и дава

	упаства на раководните и другите административни службеници; • го советува и му помага на Градоначалникот во врска со комплексни активности и постапки што претставуваат новина и што не спаѓаат во редот на стандардните постапки; • дава совети по прашања поврзани со претставувањето на општината во рамките на ЗЕЛС и учествува во работата на работните тела на општината, кога за тоа е овластен од Градоначалникот. • соработува со други државни органи, органи на локалната власт, домашни и меѓународни организации на соодветно ниво, како и со претставници на стопанството и на граѓанскиот сектор; • учествува во работата на работните тела на Советот на Општината. • ги оценува раководните административни службеници од непосредно поништото ниво, а по потреба и другите административни службеници кои се вработени во општинската администрација.

1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ И ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ	
Реден број	2
Шифра	**УПР 01 01 Б04 000**
Ниво	**Б4**
Звање	**Раководител на одделение**
Назив на работно место	**Раководител на одделение за правни и општи работи и јавни дејности**
Број на извршители	1(еден)
Одговара пред	Секретарна општина
Вид на образование	**Научно истражувачко подрачје :** Општествени науки **Научно истражувачко поле :** Право
Други посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефикасно и ефективно раководење организирање, насочување и координирање на работата на одделението, обезбедување вршење на работите од подрачјата за кој е формираноодделението, а кои се поврзани со функциите на општината согласно законот за локалната самоуправа, други закони, прописи и општи

	акти, како и ефикасно, ефективно и квалитетно раководење со одделението
Работни задачи и обврски	• раководи со одделението, ја организира, насочува и координира работата на одделението, ги распоредува работите и задачите на вработените во одделението и врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и задачите од одделението; • подготвува и предлага план за работа на одделението и се грижи за реализирање на планот за работа и одговара за навремено, законито и квалитетно извршување на работите и задачите што се вршат во одделението; • ги следи законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа и се грижи за нивна примена во општината и го следи развојот на системот на локалната самоуправа во општината и неговото остварување; • одговорен е за ефикасно и ефективно застапување на општината во правните работи и споровите пред надлежните судови и други органи во РМ; • одговорен е за ефикасна и квалитетна организација на евиденцијата на недвижниот имот и имотните права и интереси на општината и за спроведување на постапките за експропријација на недвижен имот заради реализација на работи од јавен интерес; • се грижи и го организира навременото и законито изготвување на прописите и актите од надлежност на Советот и Градоначалникот на Општината што не се во надлежност на другите одделенија и го организира учеството во изготвувањето на одлуките и општите акти од надлежност на другите одделенија; • ја следи усогласеноста на одлуките и другите општи акти на Општината со законите и другите прописи и предлага соодветни активности за нивно усогласување; • врши оценување на вработените во одделението,учествува во оценување на

	административните службеници во општинската администрација, како и на административни службеници во други институции.

3.Одделение за правни и општи работи и јавни дејности	
Реден број	3
Шифра	**УПР 01 01 В03 000**
Ниво	**В3**
Звање	**Соработник**
Назив на работно место	**Соработник за правни работи и седници на Совет**
Број на извршители	1(еден)
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	**Научно истражувачко подрачје :** Општествени науки **Научно истражувачко поле :** Право
Други посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефикасно и ефективно и навремено спроведување на рутински работи и работни задачи од делокруг на одделението, под надзор и контрола на раководителот на одделението во насока примена на законите и работата на седниците на Советот
Работни задачи и обврски	• учествува и помага во изготвувањето на договори, решенија, заклучоци и други правни акти и прописи за потребите на организационите единици на општината; • учествува во подготвувањето на работните материјали потребни за седниците на Советот на општината, изготвувањето на записници од одржаните седници на Советот и во подготовката на актите донесени на седниците на Советот; • учествува во координирањето на работите со општинската администрација и другите институции околу потребите на Советот на општината; • учествува во изготвувањето на „Службениот гласник на Општина Македонска Каменица“ и се грижи за негова навремена достава; • учествува во изготвувањето на стручни мислења во врска со примената на законите и другите прописи кои се однесуваат на спроведување на постапките за управување,

	располагање, администрирање и евиденција на движниот и недвижниот имот во сопственост на општината; • учествува во извршувањето на правни и административни работи потребни за реализација на проекти во соработка со невладините организации и здруженија на граѓани и општината; • учествува во изготвувањето на актите потребни за образовните институции во надлежност на општината; • учествува во работните тела формирани од страна на претпоставениот

1.Одделение за правни и општи работи и јавни дејности	
Реден број	4
Шифра	**УПР 01 01 В03 000**
Ниво	**В3**
Звање	**Соработник**
Назив на работно место	**Соработник за организациони работи, информирање и односи со јавноста**
Број на извршители	1(еден)
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	**Научно истражувачко подрачје :** Општествени науки **Научно истражувачко поле :** Право или Јавна администрација
Други посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефикасно, и ефективно и навремено спроведување на рутински работи и работни задачи од делокруг на одделението, под надзор и контрола на раководителот на одделението во насока организациони работи, информирање и односи со јавноста
Работни задачи и обврски	• остварува писмена и усна комуникација со медиумите во однос на активностите на органите на општината, го координира прибирањето на информациите од органите на општината и ги пласира до медиумите; • учествува во организирањето на прес-конференциите и интервјуата на новинарите со Градоначалникот и учествува во подготвување на соопштенијата за јавноста; • учествува и помага во подготовката на

	содржината на информациите што се пласираат на веб-страната на општината и на официјалните профили на социјалните мрежи и се грижи за нивно уредување и ажурирање; • учествува и помага во изготвувањето на потребните акти, анализи и информации за подготвување на предлог проекти за учество на Општината на конкурси за проекти поддржани од домашни и меѓународни донатори и организации; • учествува во подготовката и организацијата на работните средби и состаноци на Градоначалникот како и при организација на протоколи за настани и манифестации во организација на општината; • учествува во изготвувањето на покани по повод годишни прослави, празници, манифестации и други општински настани; • учествува и помага во подготовката на содржините за општинскиот весник „Каменичко око"; • учествува и помага во подготвувањето написмените одговори на подносителите на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер и ги доставува до барателите во законски утврдениот рок; • учествува во креирањето на мерки и активности за унапредување на транспарентноста на работењето на општината

5.Одделение за правни и општи работи и јавни дејности	
Редни број	5
Шифра	**УПР 01 01 В03 000**
Вид	**В3**
Звање	**Соработник**
Назив на работно место	**Соработник-систем администратор**
Број на извршители	1(еден)
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	**Научно истражувачко подрачје : Природно-математички науки** **Научно истражувачко поле : Компјутерски и информациски науки**
Посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефикасно и ефективно и навремено

	спроведување на рутински работи и работни задачи од делокруг на одделението, под надзор и контрола на раководителот на одделението во насока на спороведување на задачи од своето раб место.
Работни задачи и обврски	• учествува во поставувањето и одржувањето на локалните мрежни инсталации, комјутерска и комуникациска опрема; • учествува во одржувањето на оперативни системи, инсталира и деинсталира софтвер, работи на зачувување на податоци(Бекап); • управува со Географско Информциски Систем (ГИС); • врши попис и евиденција на сите технички апарати при органите на општината и општинската администрација (комјутери, лап-топови, скенери, копири, телефони, факсови и сл.) и истите ги издава на реверс за користење на надлжените служби и органи при општината; • ја следи состојбата на компјутерско - комуникациската опрема и системскиот софтвер општината и предлага поправка, замена, надградба на постоечка и набавка на нова опрема; • учествува во одржувањето на базите на податоци и спроведува постапки за заштита од неовластен упад и користење на податоците; • учествува и помага на стручните служби при воведување и користење на програмските решенија; • со општински уреди слика фотографии и снима видеа од општински настани и манифестации, истите ги обработува во соодветни компјутерски програми, ги собира и чува со цел нивно понатамошно користење за општински промотивни цели и потреби;

4.Одделение за правни и општи работи и јавни дејности	
Редни број	6
Шифра	**УПР 01 01 В03 000**
Група	**В3**
Звање	**Соработник**
Назив на работно место	**Соработник за поддршка на Градоначалникот**

Број на извршители	1(еден)
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	**Научно истражувачко подрачје :** Општествени науки **Научно истражувачко поле :** Право или економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефикасно и ефективно и навремено спроведување на рутински работи и работни задачи од делокруг на одделението, под надзор и контрола на раководителот на одделението во насока на работни задачи за поддршка на градоначалникот.
Работни задачи и обврски	• подготовка и организација на протоколарните и работните средби и состаноци на Градоначалникот, • води протокол на градоначалникот, составува белешки и записници од протоколарните и работните средби и состаноци на Градоначалникот на Општината, • води записник од состаноци водени од Градоначалникот со раководителите на сектори во општинската администрација • дистрибуира извадоците од белешките или записниците во кои се содржани обврски и задачи до надлежните одделенија во Општината, • ги организира работните средби и состаноци на Градоначалникот и ги подготвува материјалите за состаноците на Градоначалникот со органите на Општината или други институции

Одделение за правни и општи работи и јавни дејности	
Ред.бр.	7
Шифра	**УПР 01 01 В04 000**
Ниво	**В4**
Звање	**Помлад соработник**
Назив на работно место	**Помлад соработник за заштита, спасување и управување со кризна состојба и безбедност и**

	здравје при работа
Број на извршители	1(еден)
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	**Научно истражувачко подрачје :** Општествени науки **Научно истражувачко поле :** други општествени науки (Безбедност)
Други посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефикасно и ефективно и навремено извршување на наједноставни рутински работи и работни задачи од делокруг на работа на одделението, согласно насоките и под надзор на раководителот на одделението, во насока на заштита, спасување и унапредување со кризна состојба и безбедност и здравје при работа
Работни задачи и обврски	• прибира информации и податоци за изготвување на анализи, информации и стручни мислења и помага при изготвување на предлог одлуки и други прописи, програми и други акти од надлежност на советот и градоначалникот од областа на противпожарната заштита, спасување и управување со кризна состојба и мерки за безбедност и здравје при работа на вработените; • помага при вршењето на процена на загрозеност од природни непогоди, епидемии, и други несреќи на подрачјето на општината и учествува во предлагањето на мерки и активности за спречување на настанувањето и за отстранување на последиците од природни непогоди епидемии и други несреќи на подрачјето на општината; • помага и учствува во вршењето на наједнставните работи поврзани со формирањето и подготвеноста на силите за заштита и спасување и дава предлози за нивно ангажирање; • помага во креирањето на предлози за утврдување на обврските на јавните претпријатија, установи и служби основани од општината заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи; • помага и учествува во работата на Општинскиот штаб за заштита и спасување; • помага во подготвување и извршување на наједноставните работни задачи во врска со

	вршењето на здравствените прегледи и мерки за безбедност и здравје при работа на вработените; • води евиденција и регистри согласно законските прописи од областа на своето работење и води посебен деловодник и се грижи за комплетирање и чување на докуметите согласно законските прописи; • помага во подготовката на документи за осигурување на општинскиот движен и недвижен имот од секаков вид на штета

1.Одделение за правни и општи работи и јавни дејности	
Реден број	8
Шифра	**УПР 01 01 Г01 000**
Група	**Г1**
Звање	**Самостоен референт**
Назив на работно место	**Самостоен референт-информатичар**
Број на извршители	1(еден)
Одговара пред:	Раководителот на одделението
Вид на образование	Вишо, средно гимназиско образование, или средно стручно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефикасно и ефективно и навремено вршење на сложени административно-технички работи и задачи под надзор на раководителот на одделението, кои се однесуваат на обезбедување на заштита на податоците информациите , софтверските решенија и сл.
Работни задачи и обврски	• соработува во одржувањето на хардвердскиот и софтверскиот подсистем; • помага на корисниците (вработените) во процесите на обука за правилно користење на WEB ориентираните софтверски решенија; • води грижа за обезбедувањето на сигурност и заштита на податоците, информациите и документите во информациониот систем на Општината и спроведува постапки за заштита од неовластено користење на податоците; • води грижа за поставувањето и одржувањето на локалните мрежни инсталации, комјутерска и комуникациска опрема; • води евиденција на сите технички апарати при органите на општината и општинската

	администрација (комјутери, лап-топови, скенери, копири, телефони, факсови и сл.) и истите ги издава на реверс за користење на надлжените служби и органи при општината; • со општински уреди слика фотографии и снима видеа од општински настани и манифестации, истите ги обработува во соодветни компјутерски програми, ги собира и чува со цел нивно понатамошно користење за општински промотивни цели и потреби; • ја следи состојбата на компјутерско - комуникациската опрема и системскиот софтвер во одделението и општината и предлага поправка, замена, надградба на постоечка и набавка на нова опрема ; • врши најсложени помошно-стручни, административно-технички работи при спроведување на законските обврски и постапки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци.

3.Одделение за правни и општи работи и јавни дејности	
Ранг број	9
Шифра	**УПР 01 01 ГОЗ 000**
Ниво	**ГЗ**
Звање	**Референт**
Назив на работно место	**Референт за административно - документациони работи**
Број на извршители	2(два)
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	Вишо, средно гимназиско образование, или средно стручно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефикасно и ефективно и навремено спроведување на рутински административно-технички работи и работни задачи, под надзор на раководителот на одделението, кои се однесуваат на административно – документаациони работи
Работни задачи и обврски	• учествува и помага во архивирање на предмети според планот на архивските знаци и листите на категории за чување на архивската граѓа и на регистраторскиот материјал во согласност со

	општите упаства на раководителот на одделението; • учествува во подготовката на планот на архивските знаци и листите на категории за чување на архивската граѓа и на регистраторскиот материјал; • учествува во изготвувањето на попис на архивската граѓа од трајна вредност, која во средена состојба му се предава на Државниот Архив на РМ; • помага при собирање, средување и обработување на архивски материјали; • се грижи за безбедно чување на архивскиот материјал од секаков вид оштетување или уништување; • учествува во работата на комисијата за уништување на регистраторскиот материјал по истекот на утврдените рокови за негово чување; • ги чува и ракува со печатите и штембилите на општината; • користење, пристап, дистрибуција и издавање на • податоци од Геодетско катастарскиот информационен • систем преку апликација Е-кат шалтер, на Агенцијата за Катастар на недвижности;

1.Одделение за правни и општи работи и јавни дејности	
Редни број	10
Шифра	**УПР 01 01 ГОЗ 000**
Звање	**ГЗ**
Ниво	**Референт**
Назив на работно место	**Референт за упатување на граѓани/странки**
Број на извршители	1(еден)
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	Вишо, средно гимназиско образование, или средно стручно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефикасно и ефективно и навремено спроведување на рутински административно-технички работи и работни задачи, под надзор на

	раководителот на одделението, кои се однесуваат на утавување на граѓани/странки
Работни задачи и обврски	• ги запознава граѓаните со основни информации во остварувањето на нивното барање; • им помага на граѓаните во доставувањето на нивните барања до органот; • ги упатува граѓаните до соодветната служба за нивниот предмет во органот; • обезбедува непосреден контакт на граѓанинот со соодветниот службеник; • ги известува службениците за барањата од граѓаните; • извршува административно-технички подготовки и ги закажува состаноците на Градоначалникот; • извршува административно-технички работи при подготовката на протоколи за настани и манифестации во организација на општината под надзор и контрола на непосредно претпоставениот раководен административен службеник; • извршува административно-технички работи при уредувањето и евиденцијата на јавното осветлување во градското подрачје и подрачјето на општината; • учествува во работните тела на општината формирани од страна на претпоставениот;

3.Одделение за правни и општи работи и јавни дејности	
Редни број	11
Шифра	**УПР 04 03 А02 001**
Ниво	**А2**
Звање на работно место	**Возач II**
Назив на работно место	**Возач**
Број на извршители	1 Еден
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Вишо, средно гимназиско образование или средно стручно образование
Други посебни услови	-Возачка дозвола Б категорија
Работни цели	Активно,Ефикасно и ефективно и навремено извршување на едноставни рутински задачи и функции од делокруг на работа на одделението согласно насоките и под контрола на раководителот на одделението а кои се однесуваат на управување и

	одржувања на возилата кои му се доверени
Работни задачи и обврски	• управува со доверените возила во согласност со важечките прописи; • по налог на Градоначалникот превезува итна пошта што ја прима или доставува Градоначалникот • се грижи и одговара за техничката исправност на возилата и се грижи за одржување на хигиена во возилата; • води евиденција за поминатa километражa и за потрошеното гориво; • се грижи за редовно сервисирање на возилата, за роковите на технички преглед и за регистрација на возилата; и • вози по потреба раководни, стручни и помошно-стручни административни службеници.

6.Одделение за правни и општи работи и јавни дејности	
Редни број	12
Шифра	**УПР 04 02 А02 001**
Ниво	**А2**
Звање на работно место	**Чувар/ПортирII**
Назив на работно место	**Чувар/Портир**
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Раководител на одделението
Вид на образование	Вишо, средно гимназиско образование, или средно стручно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефикасно и ефективно и навремено извршување на едноставни рутински задачи и функции од делокруг на работа на одделението согласно насоките и под контрола на раководителот на одделението а кои се однесцуаат на обезбедување на мир и безбедност како и регулирање на на протокот на странки во општинската зграда
Работни задачи и обврски	• врши обезбедување на работните простории на Општината, на вработените во општинската администрација и на други објекти на Општината(гаражи, возила,

	опрема, дворно место) • врши контрола на влегувањето и излегувањето на странките • од вработените прима пропусница и истата ја заверува со свој потпис со регистрирање на времето на излегување и времето на враќање на вработениот • телефонски ги известува вработените дека ги бара странка; • пренесува дадени информации на барање на странките; • извршува контрола на сите сомнителни предмети што се внесуваат или изнесуваат од вработените или од странките; • води книга за запишување на случувања за време на неговото работење;

4.Одделение за правни и општи работи и јавни дејности	
Редни број	13
Шифра	**УПР 04 05 А03 001**
Ниво	**А3**
Звање на работно место	**Курир**
Назив на работно место	**Курир**
Број на извршители	2(два)
Одговара пред	Раководител на одделението
Вид на образование	Основно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефикасно и ефективно и навремено извршување на едноставни рутински задачи и функции од делокруг на работа на одделението согласно насоките и под контрола на раководителот на одделението а кои се однесува на обезбедување на уредна достава на писмените акти од општината до адресираните правни и физички субјекти и уреден прием на писмата и пратките адресирани до општината
Работни задачи и обврски	• ја презема поштата од ПТТ и ја предава на овластен работник во архивата; • ги прима предметите за експедиција и ги предава во пошта; • извршува лично доставување на писма во локалните органи и правни субјекти и ги доставува строго доверливите пратки;

	• врши доставување на материјалите за седниците на советот и неговите работни тела; • учествува во набавката на кондиторските производи за потребите на општината. • по потреба и по налог на непосредно претпоставениот набавува потрошен материјал и инвентар и помага при неговото разнесување каде е потребно;

1.Одделение за правни и општи работи и јавни дејности	
Редни број	14
Шифра	**УПР 04 05 А03 004**
Ниво	**А3**
Звање на работно место	**Хигеничар/ка**
Назив на работно место	**Хигеничар/ка**
Број на извршители	2(два)
Одговара пред	Раководител на одделението
Вид на образование	Основно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефикасно и ефективно и навремено извршување на едноставни рутински задачи и функции од делокруг на работа на одделението согласно насоките и под контрола на раководителот на одделението а кои се однесуваат на одржување на хигиената на просториите на општинаската зграда
Работни задачи и обврски	• ја оддржува хигиената во работните, помошните и другите простории на Општината со целокупниот инвентар, во согласност со општите упатства на раководителот на одделението; • ја одржува хигиената во дворот на општината; • ги окопува и полива цвеќињата и зеленилото во дворот на општината; • го чисти снегот од патеките во кругот на Општината • по барање на раководителот на одделението ја оддржува хигиената во работните, помошните и другите простории на зградата на ТППЕ во М.Каменица;

	• учествува во набавката и чувањето на кондиторските производи за потребите на општината.
2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА	
Реден број	15
Шифра	**УПР 01 01 Б04 000**
Ниво	**Б4**
Звање на работно место	**Раководител на одделение**
Назив на работно место	**Раководител на одделение за финансиски прашања**
Број на извршители	1(еден)
Одговара пред	Секретарот
Вид на образование	**Научно истражувачко подрачје:** Општествени науки **Научно истражувачко поле :** Економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефикасно и ефективно раководење со одделението и координирање на работата на вработените во истото, како и спроведување на задачите кои бараат поголема одговорност, стручност и самостојност во работата поврзани со финансиски прашања.
Работни задачи и обврски	• раководи со одделението, ја организира, насочува и координира работата на одделението, ги распоредува работите и задачите на вработените во одделението и врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и задачите од одделението; • подготвува и предлага план за работа на одделението и се грижи за реализирање на планот за работа и одговара за навремено, законито и квалитетно извршување на работите и задачите што се вршат во одделението; • ги следи законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа, законите и прописите од областа на финансиско материјалното работење, законите и прописите од областа на даноците и се грижи за нивна примена во општината • го координира процесот на изготвувањето и изменувањето и дополнувањето на буџетот и стратешкиот планнаопштината

	• го координира процесот на сметководствено евидентирање за извршување на буџетот и подготвувањето на годишната сметка и годишниот финансиски извештај, - Подготовка на финансиски планови на органот и буџетските корисници и квартални извештаи. • врши контрола на книжењето на целокупната документација на органот и буџетот и наменските дотации. • вршиконтролананаплатаналокалниданоци, такси и надоместоци, наводењетонасметководството, преземањетонафинансискиобврски и извршувањетонаплаќањето. • го координира процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување во органот на општината и сите субјекти чиј основач е општината, • дава мислење по предлогот на актите што ги изготвуваат другите организациони единици кои имаат или можат да имаат финансиски импликации за буџетот на општината, • спроведува заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојба,

2.Одделение за финансиски прашања	
Редни број	16
Шифра	**УПР 01 01 В01 000**
Ниво	**В1**
Звање на работно место	**Советник**
Назив на работно место	**Советник - одговорен сметководител**
Број на извршители	1(еден)
Одговара на	Раководител на одделение
Вид на образование	**Научно истражувачко подрачје :** Општествени науки **Научно истражувачко поле :** Економија и бизнис
Посебни услови	

Работни цели	Активно,Ефикасно и ефективно и самостојно извршување на најсложени работи и работни задачи, преку активности поврзани со сметководствените работи.
Работни задачи и обврски	• го водибуџетскотосметководство , восогласностсозаконотзасметководствозабуџетите и буџетскитекорисници. • ги следи и евидентира промените на буџетската сметка. • се грижи за севкупната работа од областа на финансиите и сметководството согласно со постојната законска регулатива. • изготвува финансиски планови, информации и извештаи за движењето на платите и трошењето на средствата. • води книговодство на локални даноци и такси. • учествува во изготвување на Буџетот и завршната сметка. • изготвува предлог одлуки и други прописи, програми и други акти. • дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи. • подготвува и обработуваматеријално-финансискидокументи и ликвидатуратанаопштинатапоутврденаметодологија и сегрижизанавременоприбирањенакниговодствените исправи. • спроведуваех-антефинансиска контрола.

2.9 Одделение за финансиски прашања	
Реден број	17
Шифра	**УПР 01 01 В02 000**
Ниво	**В2**
Звање на работното место	**Виш соработник**
Назив на работно место	**Виш Соработник за сметководствено финансиски работи**
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	**Научно истражувачко подрачје :** Општествени науки **Научно истражувачко поле :** Економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефективно и ефикасно спроведување на рутински работи и работни задачи од делокругот на одделението, под надзор и контрола на раководителот на одделението, во насока на администрирање со даноци, такси и надоместоци.

Работни задачи и обврски	• ги следи и применува законските прописи и другите општи акти од областа на утврдувањето на изворите на приходи на Општината; • учествува при изготвување на решенија со утврдена вредност на данокот на имот, данокот на промет на недвижности и данокот на наследство и подарок; • учествува при водењето на постапка и решавање по барања за одлагање и обезбедување на даночен долг; • учествува при решавање по жалби на даночните обврзници и учествува при вршењето препис и отпис на задолженијата по жалби на даночните обврзници или по утврдување; • учествува при изготвување решенија за враќање и пренасочување на повеќе и погрешно платени даноци на барање на даночниот обврзник и по сопствени согледувања; • учествува при изготвување на решенија за присилна наплата на даночен долг; • учествува при изготвување анализи, извештаи и информации за бројот на даночните обврзници, доставените решенија и остварените обврски по овие основи; • учествува при изготвување предлог одлуки и други прописи, програми и други акти од областа на даноците на имот, комуналните такси и надоместоците и другите приходи на општината; • учествува и помага при следењето и контролата на наплатата на закупнината на објекти и деловни простории во сопственост на општината; • учествува во работните тела на општината формирани од страна на претпоставениот.
2.Одделение за финансиски прашања	
Редни број	18
Шифра	**УПР 01 01 В03 000**
Ниво	**В3**

Звање на работно место	**Соработник**
Назив на работно место	**Соработник за материјално и финансиско водење на сметководство**
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	**Научно истражувачко подрачје :** Општествени науки **Научно истражувачко поле :** Економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Активно,Ефективно и ефикасно спроведување на рутински работи и работни задачи од делокругот на одделението, под надзор и контрола на раководителот на одделението, во насока на материјално и финансиско водење на сметководство.
Работни задачи и обврски	• ги следи и применува законските прописи и другите општи акти од областа на сметководството за буџетите и буџетските корисници и финансиско- материјалното работење и учествува и помага во нивнатат примена; • учествува во обработката на материјално финансиски документи, придонеси, наплати, месечни пресметки за плати за вработените, надоместоци на плати, евиденција за боледување, кредити и извршни решенија на вработените; • учествува и помага при изготвување на одлуки, програми и други акти за водење на матријално финансиско сметководство; • учествува во изработката на финансиските планови за буџетските корисници; • изготвува потврди за исплатени надоместоци од буџетската сметка, врши нивна електронска обработка и достава до надлежните институции во законски пропишаниот рок; • пополнувавирмани за исплата по основ на достасани финансиски обврски; • учествува во сметководствено евидентирање на сметките со кои располага општината; • врши прием и ракува со готови пари во благајната и изготвува извештаи за благајничкото работење; • врши исплати на издатоците за патни и дневни раходи, надоместок за дневници за службени патувања во земјата и странство и

	други материјални расходи; • учествува при подготовка на стручни анализи, информации и други материјали за работни тела на советот на општината за прашања од областа на финансиско материјалното водење на сметководство.

2.Одделение за финансиски прашања	
Редни број	19
Шифра	**УПР 01 01 В03 000**
Ниво	**В3**
Звање на работно место	**Соработник**
